**20251843855**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 23 став (3) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20 и 74/25), министерот за економија и труд донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ СО ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА МЕСТОТО КАДЕ ШТО ЌЕ СЕ ИЗВЕДУВААТ ГРАДЕЖНИТЕРАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за известување за започнување со вршење на дејност и формата и содржината на образецот за известување за местото каде што ќе се изведуваат градежните работи.

Член 2

Образецот за известувањето за започнување со вршење на дејност, се печати на хартија со формат А4, во бела боја.

Содржината на известувањето од ставот 1 на овој член, е дадена во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Образецот за известување за местото каде што ќе се изведуваат градежните работи, се печати на хартија со формат А4, во бела боја.

Содржината на известувањето од ставот 1 на овој член, е дадена во Прилог бр. 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот за известување за започнување со вршење на дејност и градежна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/07).

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 12-4521/1
27 август 2025 година
Скопје

Министер за економија и труд
**Бесар Дурмиши**, с.р.

Република Северна Македонија

**Министерство за економија и труд**

**Државен инспекторат за труд**

**Подрачје ___________________________**

место за заверка на
Државниот инспекторат за труд

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**
**за започнување со вршење на дејност**

1. Назив на работодавачот на подносителот на известувањето
   _________________________________________________________
   _________________________________________________________

2. Седиште на работодавачот на подносителот на известувањето во согласност со уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија
   ул. ________________________________________ бр. ___________место___________

3. Назив на фирмата __________________________________________________________
   _________________________________________________________________________

4. Трговски број_______________________датум___________________место___________

5. Даночен број _____________________________________

6. Жиро сметка, број _____________________________________
   Банка – депонент _______________________________________

7. Податоци за одговорното лице на работодавачот
   Име и презиме___________________________ МБГ _____________________________,
   тел: _________________________, е-маил _______________________________.

8. Дејност која ќе се обавува во деловната просторија и/или простор
   ______________________________________________________________________________
   ________________________________________________________________________

9. Адреса на деловната просторија и/или простор
   ул.__________________________________________бр.___________место____________

10. Датум на започнување со вршење на дејноста

    ден ______________ месец __________________ година

м.п.

Работодавач,

_______________________

(потпис)

Република Северна Македонија

**Министерство за економија и труд**

**Државен инспекторат за труд**

**Подрачје** ___________________________

место за заверка на
Државниот инспекторат за труд

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**
**за место каде што ќе се изведуваат градежните работи**

1. Назив на работодавачот на подносителот на известувањето
   _________________________________________________________
   _________________________________________________________

2. Седиште на работодавачот на подносителот на известувањето во согласност со уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија
   ул. _________________________________________ бр. ___________место___________

3. Трговски број______________________датум__________________место__________

4. Даночен број ___________________________________

5. Жиро сметка, број ____________________________________
   Банка – депонент _____________________________________

6. Податоци за одговорното лице на работодавачот
Име и презиме__________________________ МБГ ____________________________,
тел: ________________________, е-маил ______________________________.

7. Место (адреса) каде што ќе се изведуваат градежните работи
___________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________

8. Датум на започнување на градежните работи
_______________________________________________________________

9. Дали имате план за безбедност и здравје при работа, согласно член 6 од Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта?
да _____________ не ______________

10. Координатор за прашања за безбедност и здравје при работа:
Име и презиме________________________________________________________

11. Број на вработени на градилиштето
_____________________________________________________________

12. Опрема за работа која ќе се користи на градилиштето
________________________________________________________
_________________________________________________________

м.п.

Работодавач,

______________________
(потпис)